# Европска комисија

www.europa.eu.int/



**„Членовите на Европската комисија целосно независни ја извршуваат својата активност кон општото добро на заедниците. При исполнувањето на своите обврски тие не смеат да бараат ниту да примаат инструкции од која било влада  или служба.“**
(член 213 (претходно 157) од договорот за ЕЗ)

Европската комисија е извршната власт во Европската унија. Таа е обврзана кон доброто на Унијата како целина и одговара само пред Европскиот парламент.
Европската комисија во основа има четири задачи:
1. Таа им дава предлози за нови правни прописи на Парламентот и на Советот.
2. Таа ја спроведува политиката на ЕУ и го администрира буџетот.
3. Таа се грижи (заедно со Трибуналот) за почитување на европското право.
4. Таа ја застапува Европската унија на меѓународно ниво, на пример при договарање спогодби помеѓу ЕУ и други земји.

Преку иницијативното право, Комисијата поседува особена клучна улога во рамките на институциите на Европската унија. Таа е обврзана кон давање предлог пред почетокот на некоја заедничка акција или политика, кога тоа е неопходно во интерес на Европската унија.

Од друга страна, доколку Советот сака Унијата да стане активна на некое политичко поле, најпрво мора да побара од Комисијата да изработи соодветен предлог.

Кај заедничката надворешна и безбедносна политика (ГАСП) и соработката по прашања од областа на судството и внатрешната политика, во основа иницијативата ја преземаат Европскиот совет и Советот на Европската унија, додека Комисијата е инволвирана во работите и самата може да поднесе предлози. Заедно со Советот, Комисијата е одговорна за кохерентни мерки во својата надворешна, безбедносна, економска и развојна политика. За таа цел Комисијата и Советот соработуваат и го обезбедуваат спроведувањето на односните политики во нивниот обем на надлежности.

„Конците“ на овие различни процеси на одлучување секогаш доаѓаат повторно кај Комисијата. Последната одлука за тоа дали предлогот ќе биде применет, честопати се наоѓа во Советот на Унијата. Комисијата има задача да посредува помеѓу различните позиции во Советот или помеѓу Советот и Парламентот. Нејзината централна улога станува јасна со фактот што Советот може да ги прифати со квалификувано мнозинство, доколку тоа е договорно пропишано, но може да ги одбие само едногласно.

**Извадок од преамбулата на договорот за Европска унија (ДЕУ):**
(...) ОДЛУЧНИ, процесот на европска интеграција, започнат со основањето на Европските заедници, да го подигнеме на едно ново ниво,
ПОЧИТУВАЈЌИ го историското значење на надминувањето на делбата на европскиот континент и потребата од создавање цврсти основи за ликот на идната Европа,
ПОТВРДУВАЈЌИ ја нивната заложба за начелата на слобода, демократија и почитување на човековите права и темелни слободи и правната држава, (...)
ВО ЖЕЛБАТА за натамошно јакнење на демократијата и ефикасноста во работата на органите, за тие да бидат во состојба подобро да ги исполнуваат задачите што им се пренесени во една единствена институционална рамка,
ОДЛУЧНИ да го продолжат процесот на создавање сé потесна унија на народите на Европа, во која одлуките ќе се донесуваат согласно принципот на супсидијарност и што е можно поблизу до граѓаните,
ВО ПОГЛЕД на следните чекори што треба да бидат направени за да се унапреди европската интеграција,
**ОДЛУЧИЈА да ја основаат Европската унија; (…)**

Да претпоставиме дека Комисијата гледа потреба од европски правни прописи против загадувањето на реките во Европа. Потоа генералната дирекција за животна средина изработува предлог врз основа на опсежни консултации со европски компании и земјоделци, со министерства за животна средина во земјите-членки и организации за заштита на животната средина. Предлогот понатаму се дискутира со други деловни служби на Комисијата како и со правната служба и генералниот секретаријат.

Штом ќе се дојде до готов предлог, тој се става на дневен ред на следната седница на Комисијата. Ако за него гласаат најмалку 14 од 27 членови на Комисијата, тој се смета за прифатен од Комисијата и ја има неограничената поддршка од целокупниот колегиум. Потоа, процесот се проследува до Советот и Европскиот парламент заради добивање мислење.

Европската комисијата може да биде ангажирана и за реализација на преговори. Така на пример, Комисијата склучува трговски договори со трети земји за Унијата или води преговори за трговски спогодби.

Во некои специјални политички полиња, како на пример аграрна политика или политика на конкуренција, на Комисијата и се додаваат и извршни задачи. На тој начин таа е одговорна за извршување на правилата односно политиката на Заедницата.

Комисијата треба да проверува дали договореното право на Заедницата се почитува и правилно се применува. Затоа таа се означува и како заштитник на договорите. Така, таа може да поднесе тужба пред Европскиот трибунал доколку постои сомнение, дека земји-членки го повредуваат правото на Заедницата.

За постигнување на своите цели, на Комисијата и стојат на располагање различни инструменти. Меѓу другото, Комисијата доставува стратешки документи, му дава препораки и соопштенија на Советот, склучува меѓународни спогодби и ја координира хуманитарната помош.

Денес Европската комисија се состои од претседателот на Комисијата и 26 други комесари. Секој комесар застапува специјални политички полиња. Нивниот мандат изнесува пет години. Одлуките се донесуваат со апсолутно мнозинство. Комисијата мора да добие согласност од Европскиот парламент.

Комисија со 27 члена не може да работи беспрекорно. Оваа бројка беше едногласно утврдена од страна на Советот. Но, по пристапувањето на 27-та земја-членка, од започнувањето на мандатот на следната Комисија (тоа значи, во принцип, од ноември 2009 година) бројот на комесари треба да биде намален. За конечната големина на Комисијата одлука мора да донесе Советот. Потоа, комесарите се именуваат според принципот на ротација, при што се внимава на тоа земјите да бидат застапени на фер начин. Притоа мора да биде загарантирано дека демографскиот и географски спектрум на целината на земјите-членки се одразува во составот на Комисијата.

Во политичкото поле на проширувањето на ЕУ, Комисијата игра особена улога. Комесарот за проширување практично е надлежен за процесот на подготовка и за преговорите за проширување и е одговорен за сите билатерални односи со земјите што имаат поднесено барање за пристапување. Во интерес на целата Унија, тој се залага за успех во проширувањето. Затоа, за него е препорачливо да негува добри контакти како со претставниците на кандидатите за пристапување, така и со европските институции: со едните за да ги поддржува во нивниот процес на интеграција во Унијата, а со другите за да внесат решенија што ќе ја промовираат интеграцијата и да се залага за неа.

За да се постигне оваа цел Вам, како комесар и член на Комисијата, на располагање Ви стојат неколку средства (зависно од сопствената проценка):

- Вие сте, односно станувате, познавач на напредокот и проблемите во земјите-кандидати за зачленување;
- Вие сте експерт во неформалните преговори со министрите и парламентарците;
- Се обидувате да влијаете врз претставниците на медиумите;
- За да ја добиете поддршката од народот, започнувате голема медиумска кампања;
- Континуирано ги молите вклучените партнери во преговорите за конструктивна соработка;
- Им давате предлози на Советот и Парламентот, кои и покрај различните интереси можат да наидат на согласност во земјите или фракциите.

За потсетување: Каква улога игра Европската комисија во процесот на проширување?

**Чл. 49 (поранешен член О) од Договорот за ЕУ [прием на нови членки]**

„Секоја европска држава [...] може да поднесе барање за членство во Унијата. Државата го упатува своето барање до Советот. Тој одлучува едногласно по ислушување на Комисијата и по согласност од Европскиот парламент, кој одлучува со апсолутно мнозинство на своите пратеници (забел. на авторот.: најмалку 50 % +1 од пратениците)."

**Ваши задачи како претседател на Комисијата или комесар за проширување (за време на симулацијата):**

1. Како претседател, Вие ја отворате симулацијата со подготвителен говор;
2. Ја подготвувате својата позиција со помош на профилот на улогата, воведниот говор и информациите за кандидатите за пристапување;
3. Разјаснувате и донесувате деловник (тек на седницата, водење протокол итн.);

4. Од претседателот на Советот на Европската унија ги добивате барањата за прием на земјите со волја за пристапување;
5. Од Советот на Европската унија добивате задача за изработка на мислење;
6. Водите индивидуален информативен разговор со земјите што имаат волја за пристапување;
7. Изработувате мислење за барањата на земјите што имаат волја за пристапување: опис на политичката и економската состојба во овие земји, упатувања кон проблеми во текот на преговорите за пристапување, препораки за започнување на преговорите, развивање и реализација на анкета меѓу кандидатите (*факултативно*) (прашалник за горенаведените теми);
8. Го презентирате мислењето пред Советот на Европската унија;
9. Од Советот на Европската унија добивате налог за спроведување на преговорите;
10. Ги формулирате спогодбите за пристапување;
11. Испраќате покани за завршна конференција;
12. Го подготвувате завршниот говор на претседателот.

Важно: Комисијата претставува посредник меѓу Советот и Парламентот. Таа мора континуирано да го информира Парламентот за напредокот на преговорите.

**Во реалноста склучените спогодби понатаму се проследуваат до земјите од ЕУ (тоа значи до министрите) за ратификација од страна на уставните органи на односните земји-членки. Овој чекор не е вклучен во симулацијата.**

# Говор на претседателот на Комисијата

*Брисел,*

**Европска комисија**

„Почитувани министри, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,
ми претставува задолство што можам да ве поздравам денес, во овој свечен час, овде во Брисел. Со големи надежи ја очекуваме конференцијата и претстојните преговори.
Во 2004 година во Европската унија успешно пристапија десет држави од средна и источна Европа. Во 2007 година следеше пристапувањето на Бугарија и Романија. Сега претстојат нови разговори со седум држави од западен Балкан и со Турција.
Дами и господа, заокружувањето на ова проширување што го доведовме толку далеку, зависи од вас. Со текот на времето стануваме сé посвесни дека проширувањето мора да дојде. Ваша задача е да одлучите кога и колку нови живеалишта ќе бидат додадени кон европскиот дом. Тоа сигурно ќе биде реализирано во етапи и некои земји ќе пристапат порано од други.
Пред речиси 60 години визијата на татковците-основачи беше изградба на една европска заедница на мир, стабилност и благосостојба. И денес – исто како и тогаш – овој европски идеал е од значење за нашите граѓани. Значи не можеме да запреме на досега постигнатото. Ужасни конфликти во последните години донесоа војна, прогони и неизмерни страдања за луѓето во поранешна Југославија. Ние, земјите од ЕУ, сакаме заеднички да ги надминеме овие ужасни искуства и да се споиме со земјите од Балканот и Турција во една сé поблиска заедница на демократски вредности.
Сметам дека на нашите соседи не треба да им ја забраниме можноста за учество во европскиот проект. Но, во Европа сé уште постојат несигурност, економски проблеми и сиромаштија. Исто така не смееме да ги затвориме очите ниту пред растечкиот национализам и недоволното почитување на правата на националните малцинства. Во еден поврзан свет во екот на глобализацијата, ваквите проблеми не се решаваат само пред сопствената влезна врата. Тие бараат соработка, па и европска соработка!
За нас натамошното обединување и надградба на европскиот дом претставуваат неизоставна задача, а таа задача сега се наоѓа во ваши раце! Вие одлучувате кои земји, во кој момент можат да влезат и ќе влезат во Европската унија!
Со проширувањето кон југоисток, Европската унија ќе стане побогата и пошаренолика со културни и регионални идентитети. Овој историски процес на проширување ја крие во себе уникатната можност за создавање „нова архитектура" за цела Европа, во која мирот и безбедноста можат да доведат до партнерство на културите, при што на „борбата на културите" ќе и се каже одлучно „не".
Во моментот сите го чувствуваме „ветерот од спротивен правец". Тој стана посилен. Сé погласни стануваат скептичарите, кои говорат против Европа и против проширувањето, а кои се потпираат на незнаење, стравувања и предрасуди. Ризиците и проблемите не треба да останат премолчани, туку е потребно да се тематизираат и решат. Но, притоа останува важно: најголемиот ризик за иднината, мирот и безбедноста во Европа би било, доколку се остави неискористена оваа историска можност за натамошно обединување на нашиот континент, затоа што храброста нé оставила во последните метри.

Затоа, ве молам за конструктивна соработка со Комисијата и апелирам на двете страни – на ЕУ, но и на земјите со волја за пристапување, енергично да го искористат периодот пред нас, да одржуваат темпо и да мобилизираат нови сили, за да може да се постигне заеднички зацртаната цел.
Сега би сакал да ве замолам да започнете со вашите расправи во гремиумите и ви посакувам многу успех во преговорите!
Дами и господа, ви благодарам на вашето внимание.“